42074

ОД ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА „СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“

# СЛИКАРСКИ ДЕЛА ЗА МСУ

Учесниците на годинешната сликарска колонија „Св. Јоаким Осоговски“ решија на Музејот на современа уметност од Скопје да му подарат по едно од делата настанати на оваа колонија. Со тоа музејската збирка во која се вбројуваат дела на познати ликовни уметници од целиот свет ќе биде збогатена со нови кои пак, ќе претставуваат и еден вид илустрација на тоа што се случува во уметноста денес.

Така, годинава свои дела ќе подарат сликарите Таканобу Киба од Јапонија, Клод Дер'вен и Мишел Раби од Франција, Памела Тол и Гејл Тастин од САД, Сајед Дарвиш од Египет и Лук Марели од Швајцарија.

Ова дарување ќе се настојува во иднина да прерасне во традиција на сликарската колонија „Св. Јоаким Осоговски“.

М. П.

ВЕЧЕР, 27.09.1995, 9984, 10,